EHEAROME2020

# Римско министерско коминике

## А Н Е К С І

EUROPEAN
Higher Education Area

bologna process

ITALIAN BFUG SECRETARIAT
2018-2020

IN·GLOBAL
Enhancing Knowledge of the
EHEA and Global Dialogue

Translated within the Erasmus+ project "IN-GLOBAL Enhancing Knowledge of the EHEA and Global Dialogue" in 2023.

The original version of the Rome Communiqué and its annexes are available on the website of the European Higher Education Area:
https://ehea.info/page-ministerial-conference-rome-2020

Co-funded by
the European Union

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

# Изјава за академска слобода

Овој текст, подготвен од Групата за следење на Болоњскиот процес (BFUG) во консултација со повеќе експерти и засегнати организации, има за цел да направи краток преглед на заедничкото разбирање на академската слобода за ЕПВО и да обезбеди прва основа за иден развој на показатели.

Академската слобода е неопходен аспект на квалитетното учење, настава и научно истражување во високото образование, како и на демократијата. Таа е нужен услов за да можат високообразовните институции да создаваат и пренесуваат знаење како јавно добро од кое ќе има корист општеството. Таа им ја гарантира на професорите и на студентите слободата на мислата и истражувањето за да го унапредуваат знаењето преку научно истражување и да го разменуваат отворено, како и слободата да ги споделуваат резултатите од научноистражувачката работа во рамките на академските институции и програми и надвор од нив.

Академската слобода е посебно, основно демократско право делумно засновано врз правото на образование и има заеднички елементи со слободата на негувањето и изразувањето на мислата. Академската слобода мора да биде изразена преку строги научни и професионални стандарди, почит за правата на другите, етичко однесување и свесност за влијанието на истражувањето врз луѓето и нивната околина. Таа е клучна за унапредување на стандардите на академските дисциплини и полињата на научно истражување. Како таква, академската слобода не го штити само индивидуалното академско образование туку и слободното функционирање на академските институции во демократските општества. Институционалната автономија е составен дел од академската слобода.

Академската слобода ја означува слободата на академската заедница - вклучително и академскиот кадар и студентите - во однос на научното истражување, наставата и учењето и, поопширно, ширењето на резултатите од научноистражувачката работа и наставата во високообразовниот сектор и надвор од него. Во суштина, овој концепт осигурува дека академската заедница може да спроведува научни истражувања, да изведува настава, да овозможи учење и комуникација во општеството без страв од одмазда.

Исто така, академската слобода е суштински елемент на демократијата. Општествата не можат да бидат вистински демократски без да ја почитуваат академската слобода и институционалната автономија. Истовремено, основните вредности на ЕПВО не можат целосно да се остварат освен во демократски општества. Академската слобода е слична на слободата на изразување и е обликувана од стандардите на академските дисциплини, но истовремено и нуди можност за предизвикување на тие стандарди врз основа на резултатите од научните истражувања.

Иако овој концепт навидум се чини едноставен, сепак е мошне сложен и тесно поврзан со другите основни вредности како што се институционалната автономија и јавната одговорност за и на високото образование. Академската слобода е универзална вредност што се темели врз потрагата по знаење и вистина. Нејзините централни начела не подлежат на различно разбирање и толкување во зависност од различните национални контексти или видови високообразовни институции. Но академската слобода не е апсолутна вредност, а нејзината примена е обликувана од институциите во кои работиме и општествата во кои живееме. Поради тоа, опсегот на спроведувањето и границите на истражувањето и изразувањето што ги штити академската слобода, честопати се предмет на дебата.

Може да се смета дека академската слобода ги опфаќа слободата на учење, изведување настава и спроведување научни истражувања, при што секоја од овие слободи во себе ги подразбира слободата за размислување, за критичко испитување и за споделување идеи во високообразовниот сектор и

надвор од него. Сепак, кога им се дава значење и живот на овие слободи во реалноста на академската средина, автоматски се отвораат повеќе прашања. Слободата на изведување настава може да се оствари конкретно во комбинација со јавна и општествена одговорност и институционална автономија. Јавните органи имаат одговорност да осигурат дека на граѓаните им се нудат релевантни програми за високо образование, додека автономните  високообразовни институции преземаат голема одговорност за истражувањето што е во основата на програмите и за тоа како се предаваат програмите. Академскиот кадар, исто така, има силна одговорност во утврдувањето на компонентите на наставниот план и програма и развој на наставните методи што се применуваат.

Раководството на високото образование, исто така, има влијание врз слободите на учење, изведување настава и спроведување научни истражувања и треба да биде организирано свесно на начини што ја почитуваат академската слобода. Во Европа коегзистираат различни модели на раководство во кои академскиот кадар и студентите се застапувани на различен начин во раководните и одлучувачките дела. Учеството во раководните тела може да им даде предност на мисиите за настава и научно истражување на институцијата и може да ја одразува целта на поширока општествена вклученост. Без оглед на конкретниот модел, академскиот кадар и студентите треба да имаат корисно учество во одлучувачките процеси и имаат право да ги изразат своите гледишта за политиките и приоритетите на нивните институции без страв од одмазда.

Вредностите се меѓусебно поврзани, а слободата на изведување настава, исто така, го поставува прашањето кому треба да се предава и оттука е тесно поврзано со слободата на учење. Овие вредности, пак, се поврзани со еднаквиот пристап, со повеќе прашања поврзани со критериумите и условите за пристап до високо образование што треба да се одговорат преку општествен дијалог и административни постапки.

Слично на ова, треба да се постават и прашања во врска со тоа кој ја изведува наставата и го спроведува научното истражување и каков е одлучувачкиот процес за регрутирањето и задржувањето на академскиот кадар. Суштински е да се осигури дека академскиот кадар ќе има доволно сигурни работни услови за да може да ја применува академската слобода. Академскиот кадар никогаш не треба да трпи закани, отпуштање или други санкции во врска со содржината на нивното истражување, предавање или изразени професионални гледишта.

Во согласност со професионалните стандарди на соодветната дисциплина, слободата на спроведување научно истражување го вклучува правото да се утврди: што ќе се истражува (или што нема да се истражува); како ќе се истражува; кој ќе го спроведува истражувањето; со кого и за која цел ќе се спроведува истражувањето; методите и каналите преку кои ќе се споделат резултатите од истражувањето.

Овие прашања не можат да се одговорат во вакуум. Утврдувањето кои научноистражувачки програми или дисциплини ќе бидат понудени во која било дадена институција е сложено прашање што им наметнува тешки стратешки избори на јавните органи и институциите. За научното истражување се потребни финансии - кои може да потекнуваат од јавни или приватни извори - а во многу случаи е потребно и внимателно да се разгледаат етичките прашања.

Иако академската слободна е својствена за квалитетното високо образование, таа не е вредност што се добива автоматски. Наместо тоа, треба да се конструира, редовно да се оценува, да се штити и да се промовира интеракцијата на различните елементи и услови што осигуруваат операционализација на академската слобода.

Co-funded by the European Union

This translation is co-funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

EUROPEAN
Higher Education Area

bologna
process

ITALIAN **BFUG** SECRETARIAT
**2018-2020**